# Програма за работа на Училишниот одбор за учебна 2020/2021 година

Училишниот одбор е орган кој е одговорен за управувањето со училиштето. Работата на Училишниот одбор е содржана во Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

Составен е од 7 члена согласно Законот за основно образование:

Училишниот одбор ќе одржи толку седници колку што налагаат динамиката и работата во училиштето.

На сите седници Училишниот одбор планира да работи на:

1. Носење на интерни правни акти неопходни за нормално функционирање на училиштето.
2. Кооптирање на нови членови претставници од Општината и од редовите на наставниците и родителите.
3. Усвојување на Предлог Годишната програма за работа на училиштето и Извештај за работата на училиштето.
4. Разгледување и усвојување на Предлог Годишната програма за изведување на ученички екскурзии и Извештај за изведените ученички екскурзии во учебната 2020/2021 година
5. Реална проценка и донесување предлог Финансов план на училиштето.
6. Усвојување на Извештај за извршен попис на средства и нивни извори со состојба на 31.12.2020 година.
7. Усвојување на Предлог за Завршна сметка за 2020 година.
8. Усвојување на Полугодишен извештај за работата на училиштето
9. Усвојување на Годишен план за набавки од мала вредност за фискалната 2021 година.
10. Интензивирање на комуникацијата со Општината и Локалната заедница.
11. Следење на квалитетот на наставата и резултатите на учениците.
12. Поддршка и обезбедување на професионалниот развој на наставниците.
13. Грижа за детските права на учениците.
14. Грижа за здравјето на учениците.

15. Разгледување и одлучување по приговори и жалби на ученици, родители односно старатели на ученици и вработени во училиштето ( доколку има вакви приговори и жалби ).
16. Разгледува и други прашања поврзани со Статутот на училиштето.

**Приоритети во работата на Училишниот одбор се:**

- Работата на УО е во функција на создавање на услови за изведување на современа и квалитетна настава во училиштето која ќе им овозможи на учениците да се здобијат со трајни и применливи знаења и вештини, неопходни за подобро и поефикасно продолжување на своето образование во средните училишта
- Подобрување на училишната клима

| Реден број на седницата | Содржина на седницата- Дневен ред | Време на одржување |
|---|---|---|
| 1. | - Разгледување и усвојување на Предлог Годишната програма за работа на училиштето во 2020/2021 година.<br>- Разгледување и усвојување на предлог Програма за ученички екскурзии<br>- Донесување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор.<br>- Донесување одлука за објавување на оглас за прибирање на понуди за осигурување на учениците од последици од несреќен случај | Август 2020 |
| 2. | - Кооптирање на нови членови претставници од редот на родителите<br>- Донесување Одлука за издавање на училишен простор на користење за учебната 2020/2021 год.<br>- Тековни информации. | Септември 2020 |
| 3. | - Формирање на комисии<br>- Тековни информации | Декември 2020 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | - Разгледување на извештаи според планот за следење на процесите на Годишната програма<br>- Тековни информации | Јануари 2021 |
| 5. | - Разгледување на годишна сметка за 2020 година и предлагање на истата за усвојување до основачот<br>- Разгледување и усвојување на Полугодишен извештај за работата на училиштето во првото полугодие 2020/2021 год.<br>- Разгледување за пописот на средства за 2020 година<br>- Тековни информации | Февруари 2021 |
| 7. | - Разгледување на прашања иницирани од Советот на родители<br>- Тековни информации | Април 2021 |
| 8. | - Разгледување на иницијативи за патронат и екскурзии<br>- Тековни информации | Мај 2021 |
| 9. | - Разгледување на Извештајот за работа на училиштето и негово предлагање до основачот<br>-Разгледување на Извештајот за ученички екскурзии во учебната 2020/2021 година<br>- Разгледување на Извештаи за трошењето на финансиските средства на училиштето<br>- Тековни информации | Јуни 2021 |

Седниците на Училишниот одбор ќе се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш во тримесечје. Кои содржини ќе се разгледуваат и какви одлуки ќе се донесуваат ќе зависи од потребата, како и од настаната ситуација.

Седниците ќе ги закажува претседателот на Училишниот одбор.